вишаминка



**Позитивниот тренд континуирано го продолжуваме и го претвораме во успеси**

Обраќање на Иван Стрезоски, Директор на сектор за финансии

**Спонзорства**

Енрике Иглесиас, Ал Ди Меола, Дејвид Гета, Робин Шулц, Ники Ромеро, Лост Фрекфенсис, Џон Њуман, Симпли Ред, Дино Мерлин

Бр. 10 Септември 2016 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР




60 години Витаминка

## Успесите се прославуваат со семејството, а Витаминка е нашето големо семејство

ВИТАМИНКА АД Прилеп
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА











стр.3

**Позитивниот тренд континуирано го продолжуваме и го претвораме во успеси**

Обраќање на Иван Стрезоски, Директор на сектор за финансии

стр.4

**Витаминка за мене е една приказна која секојдневно се развива**

Интервју со Наташа Стојковска, Директор на сектор Набавка

стр.6

**Растот на Витаминка продолжува со новата инвестиција**

**Ново и здраво од Витаминка**

Актуелно кај нас

стр.7

**Меѓународна награда за Животно дело и златна плакета за Најменаџер за Симон Наумоски, Претседател на Одборот на директори на Витаминка**

Признанија

стр.12

**Времеплов**

Низ годините

стр.12

**Планински велосипедизам – чувство на вистинско достигнување**

Хоби на нашите вработени

стр.15

**Витаминка и Владо Јаневски – соработка што ветува големи задоволства**

Настани

Обраќање на Иван Стрезоски,
Директор на сектор за финансии

# Позитивниот тренд континуирано го продолжуваме и го претвораме во успеси



**Иван Стрезоски**
Директор на сектор за финансии

Почитувани колеги,

Глобалните економски текови во последните години беа нарушени од геополитичките случувања. Конфликтот во Украина, економските санкции врз Русија, конфликтот во Сирија и имигрантската криза, нестабилноста на Грција, зачестените терористички напади во Турција, појавата на нелојална конкуренција на Балканот, миграцијата на населението од балканските држави кон западноевропските држави, политичката криза во Македонија, континуираниот притисок врз производителите на храна да ги намалат цените на производите - се само некои од економските трендови што директно се рефлектираа врз работењето на нашето друштво.

Не случајно ова мое обраќање би сакал да го започнам со претходно наведените негативни економски трендови. Наспроти сите објективни и субјективни предизвидици, друштвото во првото полугодие од 2016 година, оствари позитивни финансиски резулатити кои се рефлектираат со 5% раст на приходите во споредба со истиот период во изминатата година. Овој податок е дотолку позначаен заради фактот што растот го бележиме во континуитет. Тоа значи дека „Витаминка" со својата добра работа веќе одамна ја започна оваа нагорна тенденција и дека ја имаме формулата за продолжување на позитивните резултати. Позитивниот тренд е показател за тоа кон каде се движиме и потврда со факти и бројки за нашата работа, трудот што сме го вложиле и колку сме постигнале.

Во финансии работам 10-на години, искуство што споредено со нечие е мало, но според обемот и сериозноста на самата работа е навистина значајно и ме научи дека позитивата не е состојба туку е процес. На тоа се надоврзува и еден од основните принципи во финансиите, дека еднаш покажаниот раст во својата суштина е тенденција со нагорен тренд, што продолжува и само треба да се расчистува патот и да се создадат услови за тоа. А тоа е одлика на компанија која што бележи раст на сите полиња, на компанија лидер.

Ова ме прави посебно горд затоа што со водечката позиција што ја имаме, придонесуваме за позитивни промени во многу сегменти, го движиме пазарот, поместуваме квалитативни граници и секојдневно создаваме успеси. Висината на реализираните инвестиции во претходните 2-3 години ми дава за право да констатирам дека се создадени објективи услови за уште поголем раст на приходите.

Сите знаеме дека успехот не е само празни зборови, успесите се мерат во бројки и во години. А ние, оваа година имаме двојна потврда, покрај позитивните финансиски бројки, одбележуваме и 60 години работа и присуство на пазарот. Достигнувањето на оваа бројка значи дека сме успеале да го продолжиме позитивниот тренд што го започнале многумина пред нас, дека сме ги прифатиле нивните предизвици и сме ги претвориле во успех.

Второто полугодие од 2016 година и целата 2017 година се еден предизвик за сите нас и одговорност со која сите раководни тела и сите вработени во компанијата ќе треба да се носат. Кредибилитетот, интегритетот и професионалниот пристап во сите потфати и натаму ќе претставуваат главни насоки кон нашиот натамошен раст и развој, се за доброто на сите засегнати страни, потрошувачите на прво место, акционерите и вработените.

Со ова сакам да Ви потенцирам и уште дека сите Вие, драги мои колеги сте заслужни за успехот што го постигнуваме. Со нашата секојдневна посветеност, сите ние сме придонеле за денешниот статус на компанијата, лидер не само на домашниот, туку и на многу странските пазари.

Ја знаеме нашата вредност, свесни сме и за нашата моќ, ја имаме експертизата и посветеноста, тоа е се што ни е потребно и што ни преостанува за да го продолжиме позитивниот тренд и понатаму, во секој сегмент.

Со почит,
Иван Стрезоски
Директор на сектор за финансии

Интервју со Наташа Стојковска, Директор на сектор Набавка

# Витаминка за мене е една приказна која секојдневно се развива



**Вие сте вработена во Витаминка скоро од самиот почеток на вашата професионална кариера со што сте биле сведок за многу промени. Каква беше Витаминка кога се вработивте, а каква е денес?**

Секој нов ден кога ќе влезам во дворот на Витаминка, со секој нов направен чекор ми навираат спомени како изгледаше компанијата пред 15 години, кога започнав со работа тука. И веднаш сликата што ја носам од тогашните денови ја споредувам со сегашната, онаа што ја гледам пред себе. Врвулица од луѓе, сите со своите дневни обврски. Додека се движам низ ходникот на административната зграда ги гледам сите нови производи што сме ги развиле во изминативе години, гледам признанија што сме ги добиле, супербренд сертификати и тогаш сликата за вредноста и големината на Витаминка станува комплетна. Несомнено дека Витаминка своето респектабилно место на пазарот, го имала отсекогаш, но низ сите овие години за кои и самата сум сведок и за другите за кои постојат факти и бројки, видлива е постојана тенденција на растење и надградување, подобрување. Така што, токму тој континуитет придонесе за денешните промени кои се големи и значајни. Воедно, истиот имплицира дека уште промени и подобрувања ќе следат. Витаминка денес е поголема во секоја смисла, според број на вработени, производното портфолио, пазарниот удел, обемот на извоз... Сите овие варијабли ја прават лидер на пазарот, а досегашната стратегија што ја применувавме не наведе на вистинскиот пат.

**Што најмногу придонело за денес Витаминка да е она што е – лидер на пазарот во кондиторската индустрија?**

Одговорното и принципиелно работење, непризнавање на лимити и ограничувања, креативност и иновативност и најмногу од сé храбрите и решителни потези на менаџментот на компанијата. Сите овие иницијативи и решенија не би биле возможни без секојдневната и посветена работа на секој еден вработен во компанијата, минати и сегашни. Големо е задоволството да се работи со 600 и повеќе луѓе, кои секој индивидуално без резерви си ја извршува својата работа и верува во она што го работи. Сите тие на свој начин придонеле за денешниот статус на лидер на Витаминка и мене, навистина ми е чест и задоволство да работам со овие луѓе.

**Каква улога играат репроматеријалите во создавање производи со врвен квалитет?**

Денес Витаминка меѓу другото е позната и како компанија која што е бескомпромисна кон квалитетот на своите производи и токму тој квалитет бил одговорен фактор за пробивот на многу странски пазари со силна конкуренција. Несомнено дека во нашата компанија имаме имплементирано високи производни стандарди и производен процес што го гарантира квалитетот на нашите производи. Но, секогаш и без исклучок создавањето на еден производ започнува од селекцијата

на соодветни, а секако кога е храна во прашање и висококвалитетни суровини од кои се произведува. Така што, изборот и потеклото на производните суровини ја имаат најзначајната улога. Сите репроматеријали и полупроизводи што се комбинираат во производниот процес мора да бидат со потврден квалитет, производен сертификат и реномиран производител, доставувач.

**Што е клучно во работата на секторот со кој управувате?**

Пред сè тимот со кој што работам, затоа што оттаму започнува доброто и продуктивно функционирање на секоја една работна единица, систем. Соработувам со тим во кој што имам бескрајна доверба и на кој што можам да се потпрам во кој било процес од работата. Тоа ми дава дополнителна сигурност и уверување дека со нашата работа придонесуваме во голем степен за унапредувањето на компанијата и производите. А за сето ова особена благодарност имам кон моите вработени кои постојано излегуваат во пресрет на барањата и предизвиците. Не помалку важно во нашата работа е познавањето на пазарот, на понудата на суровини и полупроизводи, производителите и дали и кои стандарди ги применуваат во нивната работа. Овој дел е суштината на нашата работа и токму одовде зависи со што и со какви производи ќе го постигнеме врвниот квалитет на нашите крајни производи, оние што се на полиците и во домовите на граѓаните. Досегашното искуство со сите со кои соработуваме е одлично и имаме изградено релации на потврдена доверба и одлична взаемна соработка. Токму затоа, сите заедно, целиот тим посветуваме многу време и внимание на пронаоѓање и селектирање на најдоброто од најдобрите, најквалитетното од мноштвото докажан квалитет. Оваа работа е полна со предизвици, а нашиот пазар не е многу голем во овој сегмент за набавка на суровини. Затоа тука се и добавувачите од странство со кои, исто така, имаме развиено одлична соработка.

**Голем дел од обврските и одлуките секојдневно ги делите со Вашиот татко и Вашиот брат. Каков е предизвикот да се работи со нив и дали постои граница меѓу семејното и професионалното?**

Целото мое семејство, посебно мајка ми, брат ми и јас лично сме сведоци колку татко ми вложил во Витаминка, себе си, своето време, енергија. Неговиот придонес за поставување на компанијата на цврсти и здрави столбови во неколку наврати, денес може да се измери единствено со големината на самата компанија и она што го претставуваме на македонскиот и светските пазари. Мојот брат и јас, заедно ги учевме највредните лекции, од управување со една компанија, до капацитетите и потребата да се најде најдоброто решение во работењето. Во носењето одлуки секогаш го слушаме другото мислење, се дополнуваме и функционираме комплементарно. Во носењето одлуки се вклучуваат и сите останати и токму затоа секоја одлука се темели на издржани аргументи, без разлика од каде доаѓаат. Во работата аргументите, анализите и фактите се најважните појдовни точки за донесување одлуки. А што се однесува за предизвикот, тој е секојдневно присутен кога се работи со професионален тим, не само со татко ми и брат ми туку и сите останати директори на сектори.

**Што за Вас лично претставува Витаминка како работно место и место со дневни обврски, а што како производи со кои сте пораснале и самата?**

Витаминка е присутна во мојот живот откако знам за себе. Тоа ја прави нераскинлив дел од моето секојдневие. Тоа што пораснав со Стоби флипс, Цевитана, Витакрем, Дафинка и други брендови и што гледав како се создаваат пред моите очи, ме приврзува уште повеќе и ја руши таа линија на професионална обврска. Не би можела да ги одделам споменитe што ги носам со денешните обврски. Тоа за мене е една прекрасна приказна која продолжува, се гради и создава нови ликови, карактери, херои, кои што денес се присутни и во животот на моите деца. Секојдневно се трудам и вложувам во создавање на оваа приказна, за никогаш да не заврши.

**Каде ја гледате Витаминка во иднина?**

Како што веќе кажав, Витаминка во својата стратегија има интегрирано механизам за континуиран развој. Стекнавме значајната позиција на пазарот и станавме лидер на истиот. Така што, сигурна сум дека оваа растечка тенденција ќе продолжи. Позицијата лидер на пазарот само се потврдува со тоа што со нашата работа, на дневна основа поставуваме нови стандарди на пазарот и истите ги надградуваме и поместуваме во позитивна насока, со цел до потрошувачите да доставиме што поквалитетен производ.

# Растот на Витаминка продолжува со новата инвестиција

Растот и развојот на Витаминка не престанува затоа што постојано вложуваме и инвестираме во нови капацитети. Последната таква инвестиција е новата производна линија за чоколадирани производи и новиот магацински простор. Оваа инвестиција е финансирана преку кредитната линија од два милиона евра обезбедени од Европска банка за обнова и за развој (ЕБОР).

Добивањето на кредитната линија од ЕБОР е огромен успех за компанијата, пред се заради можноста за нова инвестиција и секундарно, затоа што значи доверба и валоризација од страна на Европската банка за обнова и развој за перспективите на една компанијата како што е Витаминка.

Според генералниот извршен директор Сашо Наумоски, „на овој начин ќе се зголеми капацитетот на производството, а со тоа ќе добиеме поголеми можности за пласман на нашите производи во странство. За Витаминка оваа инвестиција значи чекор напред во остварувањето на своите цели. Дел од растот на една фирма е постојаното инвестирање во нови машини. Тоа несомнено значи и постојано подобрување на квалитетот на производите. Во свет на иновации, каде што нештата постојано се менуваат, од есенцијално значење е да бидете во чекор со тие промени“. Според Анка Јоана Јоанеску, претставник на канцеларијата на ЕБОР за Македонија, потпишувањето на новиот заем е потврда на поддршката која ЕБОР ја дава на македонскиот реален сектор и довербата која Банката ја има во потенцијалот на македонските компании.

ЕБОР, исто така, ја разгледува можноста за одобрување дополнителни четири милиони евра кредит, кои ќе послужат за финансирање на производните линии за чоколади и меки кекси. Од започнувањето на активностите на ЕБОР во Македонија во 1993 година, Банката има инвестирано 1,65 милијарди евра во повеќе од 100 проекти во земјата.

# Ново и здраво од Витаминка

Паралелно со инвестициите во нови производни погони и капацитети, незапирливо развиваме и нови производи со кои покрај што го збогатуваме домашниот пазар уште и стануваме сè поконкурентни во секој производен сегмент.

Како наш придонес за поголема и поразновидна понуда од производи со врвен квалитет и за задоволување на различните вкусови и потреби на потрошувачите, ги развивме новите кекси Сарита. Станува збор за чајно пециво со 5 целозрнести житарки, млеко и мед збогатено со калциум, железо и витамини. Заради составот од 5 различни житарки овие кекси се посебно здрави и вкусни, снабдувајќи го организмот со потребната енергија и посебно се препорачуваат за појадок во комбинација со чај или млеко. Во категоријата колачи развивме уште два различни вкуса од секогаш атрактивните Cookies и тоа Cookies чајно печиво со млеко и чоколадни парчиња и Cookies со кокос.

Кој било од вкусовите на Cookies, секогаш нудат совршен вкус на чајно колаче, разигран со парчиња чоколадо, млеко или кокос. Дали за појадок или за ужина, Cookies секогаш нудат совршен вкус и уживање.

Секој од новите производи преку дизајнот и амбалажата го носи идентитетот на Витаминка, што истовремено е потврда за високиот квалитет на сите наши производи.









# Меѓународна награда за Животно дело и златна плакета за Најменаџер за Симон Наумоски, Претседател на Одборот на директори на Витаминка





Наградите се конечната потврда за успесите и достигнувањата постигнати во професионалната кариера. Со годините и растењето на успесите, се зголемува и бројноста на признанијата. Токму затоа круната на сите овие е наградата за животно дело, затоа што е сублимат на сѐ што е претходно постигнато.

Неодамна, Претседателот на Одборот на директори Симон Наумоски доби токму едно вакво признание, Златна плакета за најменаџер и наградата за Животно дело во менаџирањето и бизнисот. Наградата ја додели Регионалната агенција за избор и промоција на најуспешните деловни луѓе и компании на територијата на Југоисточна и Средна Европа, Европското здружение на менаџери и магазинот Euromanager.
Наградата има посебна тежина затоа што доаѓа од регионално тело со високи вредносни критериуми и големо значење затоа што е во период кога Витаминка прославува 60 години успешна работа. Според организаторот, токму денешниот статус на Витаминка и она што овој македонски бренд во прехранбената индустрија претставува на домашниот и на странските пазари, е причина и повод за оваа награда.

Претседателот на Одбор на директори Наумоски беше избран во друштво на истакнати менаџери од земјите во регионот. Во десет категории, за престижната награда годинава беа номинирани околу 1000 менаџери и компании од сите области, а признание добија само дваесет и двајца најистакнати и најзаслужни. Манифестацијата се организира по 34-ти пат и на овие простори во деловниот свет претставува истакнато и релевантно тело за валоризација на деловните резултати и менаџерските вештини. Според организаторот на изборот, овие награди за најпризнати и најпочитувани во бизнисот, во фокусот ги поставуваат оние кои што вистински придонесуваат за развојот на економијата и општеството во целост.

Да потсетиме, Симон Наумоски во Витаминка, во улога на менаџер, доаѓа во 1974 години кога Витаминка беше попозната како Пиперана, производител на само еден производ, мелен црвен пипер. Во текот на овие 42 години успеа Витаминка да ја поведе низ најтешките и предизвикувачки периоди и да ја издигне на ниво на лидер на пазарот во прехранбената и кондиторската индустрија. Наградата за животно дело е признавање токму на оваа заслуга.

# Успесите се прославуваат со семејството, а Витаминка е нашето големо семејство













Многу среќни и задоволни лица, многу забава, поздравувања, честитања и желби за уште многу успешни години да следат. Вака ние во Витаминка го прославивме 60-годишното успешно работење.

Сите наши вработени заедно со нивните семејства беа дел од големата прослава под мотото „Витаминка е моето семејство" каде што покажавме што значи да се работи во оваа компанија. Покажавме дека не сме само колеги, дека сме и повеќе од пријатели, односно најголемото семејство.

Прославата помина во одличен амбиент, опуштена атмосфера со изобилство храна и подароци за присутните. Додека децата се препуштија на безгрижната игра во катчето создадено само за нив, возрасните уживаа во одличната музика од Фолтин, Љубојна и Владо Јаневски. Прославата ќе биде запаметена и по моментите на блискост, многу дружење, единството и чувството на заедништво што го покажавме како вработени во една од најголемите компании во Македонија.

Покрај сеќавањата што ги понесе секој од нас, тука ги имаме и бројните фотографии каде е овековечена уникатноста на секој момент што го споделивме заедно.

Ние сме едно големо семејство и заедно се грижиме и придонесуваме за нашето семејство да расте уште многу години.




**Давид Велески**
Подрачен шеф во сектор Извоз

Поимот „семејство" се темели на безусловна поддршка, грижа, разбирање, посветеност и доверба. Привилегија за секој еден од 600-те вработени е да претставува значаен член на големо семејство. Со гордост можам да кажам дека „Витаминка е моето семејство". Истоименуваниот настан се одржа на 25-ти јуни оваа година, каде присуствував како сведок на сплотување на нашето големо семејство, кое ја прослави успешната приказна што трае 60 години, изградена за нас и генерациите што следат. Во кругот на компанијата, секој гостин беше дочекан како почесен, во придружба со најблиските од своето семејство, на јубилејната роденденска прослава на компанијата со заслужен примат на лидер во индустријата – нашата Витаминка. За подобрување на атмосферата беа задолжени најдобрите изведувачи од естрадата, а богатото мени беше составено од препознатливите и единствени прилепски специјалитети на скара. Особено внимание им беше посветено на најмладите генерации, кои имаа можност да се забавуваат во специјално дизајнираното детско катче. Честа да присуствуваат сите вработени и партнери на оваа семејна прослава, е само мал момент кој ја отсликува благодарноста на Витаминка кон своето семејство. Грижата за бројните потрошувачи во прв план, кои уживаат во „светот на вкусови", е показател за успехот на компанијата која создаде препознатлив бренд од светски размер. Супериорната доминација на домашниот пазар и одличниот пласман и постојаната пенетрација во земји низ сите континенти надвор од матичните граници, претставуваат достоен пример за успешен модел на функционирање, кој децении се развива помеѓу светските трендови и комплексната бизнис клима. Да се биде дел од тимот на Извозниот сектор на Витаминка е од исклучително значење, особено кога компанијата го цени и вреднува трудот на меѓусебно поврзаниот синџир на вработени, бидејќи успехот постигнат преку трудот на еден поединец или сектор се манифестира на ниво на компанија како целина. И покрај позитивно остварените резултати, континуирано се стремиме кон поголеми достигнувања, инспирирани од магичната приказна за една компанија за црвен пипер од Прилеп, која денес е водечки гигант во прехранбената индустрија.


**Емил Миноски**
шофер на лесна кола

Прославата за 60-годишниот јубилеј на Витаминка беше организирана на доста високо ниво. Ме радува тоа што сите заедно се собравме да прославиме јубилеј достоен за една ваква компанија. Може да се каже дека ретко кој во Македонија може да се пофали со 60 години постоење на овие простори и тоа не само опстојување, туку успешно работење во земјата и надвор од неа. Тоа секако се должи на успешното менаџерско раководење низ годините и на нас вработените кои секојдневно ги извршуваме задолженијата. Забавата беше одличен момент за дружење и сплотување на сите што се дел од Витаминка, а притоа уживавме во прекрасната музика и храната.

Во Витаминка сум неполни 15 години. Драго ми е што сум дел од една компанија која постојано расте и по бројот на вработени и по проширување на асортиманот производи и освојување на нови пазари. Прославата на 60 годишниот јубилеј на Витаминка за мене беше едно убаво и пријатно дружење со колегите исполнето со пријатна атмосфера која беше создадена од гостите музичари, прекрасната скара, огнометот и насмеаните лица на вработените.



**Марјан Андриески**
Обезбедување



**Ирена Јованоска**
Пакерка во РЕ Цевитана

На настанот „Витаминка е моето семејство“ се ширеше атмосфера на задоволство и пријатно расположение меѓу сите присутни, поради што мислам дека целта на организаторите беше целосно постигната, т.е самиот хепенинг беше „полн погодок“.
И после тоа, меѓу колегите и во семејствата се евоцираа позитивни спомени, кои сè уште траат и долго ќе се паметат. Со ова, на еден колективен начин почувствувавме колку ѝ значиме на Витаминка и колку е вреднуван нашиот придонес за нејзиниот раст и развој, на кој сите многу се гордееме.

Витаминка е реномирана компанија и претставува едно големо семејство во кое секој си ја знае својата задача и улога, а што е уште поважно - секој е тука да ти помогне кога тоа е потребно. Ме исполнува чувство на задоволство и гордост што работам во компанија како Витаминка, компанија со висок углед и реноме. Но, не станува збор само за името и условите за работа. Многу ми значи и позитивниот, професионалниот и колегијален однос на тимот и претпоставените, а тој однос во Витаминка отсекогаш бил на врвно ниво. Големо е задоволството да се работи во компанија која пред сè има визија и јасна цел за иднината и која се носи и ги остварува сите промени што настануваат во ова динамично време. Само компаниите со изградена стратегија за напредок и развивање како што има Витаминка, овозможуваат успехот да расте и да се зголемува. Посебна чест и задоволство ми е што и јас како вработена во оваа реномирана компанија ги споделив убавите и незаборавни моменти на прославата за 60-годишнината од постоењето на оваа најголема кондиторска индустрија во Македонија, моменти што вечно ќе се паметат и прераскажуваат на идните генерации. Се гордеам што сум и јас дел од неа.



**Наташа Илиеска**
хигиеничар во Сектор за правни и општи работи

# ВРЕМЕПЛОВ



НЕИСКОРИСТЕН МЛИН ВО ПРИЛЕП ЌЕ СЕ АДАПТИРА ВО ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ИНДУСТРИСКИ ПИПЕР

Прилеп, 19 февруари. Во Прилепска општина постојат добри услови за производство на индустриски пиперки, со што се обезбедуваат доволно суровини за фабрика за производство на црвен пипер. Народниот одбор на општината, по направената економска анализа, утврди дека постои економска оправданост за развивање на ваква стопанска дејност во градот. За таа цел стариот млин, што се наоѓа во близина на Железничката станица, ќе се преуреди и ќе се изврши реконструкција, каде што ќе биде сместена фабриката за производство на мелен црвен пипер. Млинот досега стоеше неискористен.

Новиот индустриски објект ќе го зголеми економскиот потенцијал на општината Прилеп.

П. П.

1956



1969



Почна производството на флипсови

1978



„Витаминка" се поприсутна на странскиот пазар

Прехранбената индустрија „Витаминка" последниве години постигнува завидни производствени и финансиски резултати, притоа реализирајќи ги настојувањата за проширување на производствениот асортиман. Меѓутоа, не помало внимание вработените во овој работен колектив посветуваат и на извозната активност. Имено, само во првото полугодие од годинава „Витаминка" на странскиот пазар има испорачано 356 тони најразлични производи, за што се добиени 330 илјади долари. Од овој остварен извоз, кој во вкупната реализација учествува со 10 отсто 341 тон се пласирани на конвертибилниот пазар, а 15 тони пласман најдоа на клириншкото подрачје. Инаку најголемиот дел од овој извоз, 160 илјади долари, отпаѓа на јагнешкото месо кое се продаваше во Италија, потоа извозот на сушените зеленчуци за СР Германија и „таско пинџурот" кој се пласира во Холандија.

До крајот на годинава, според оперативната програма, „Витаминка" предвидува извоз од уште 400 до 450 илјади долари, од чија вредност педесетина илјади долари треба да се остварат од „таско пинџурот", потоа седумте тони суви печурки за СР Германија треба да донесат 150 илјади долари, и од 150 до 200 илјади долари треба да се остварат со продажбата на 100 тони сушен кромид.

Кога веќе говориме за извозната активност во овој работен колектив да спомнеме дека деновиве е договорено да се испорачаат 140 илјади тони корнишони за Австралија.

1986



1978



1988



1988



1990



2001



2001



2002



2013



2015



2016



2016

# Што изјавија нашите соработници за Витаминка

Голем удел во растењето и успехот на Витаминка имаат и нашите соработници од околните земји и пазари, кои што исто така посветено работат за поголема застапеност и промоција на производите, квалитетот и вредностите на Витаминка на овие пазари. Соработката со некои од нив постои одамна, а со други е од поново време, сеедно достигнувањата на Витаминка се заеднички и значајни за сите. Многу поважно од досега достигнатото е она што може и треба да се направи во следните децении и токму затоа се важни овие взаемни релации. Еве што изјавија нашите соработници по повод прославувањето на 60-годишнината во корпоративното видео на Витаминка.

Ние сме втората генерација која соработува со Витаминка. Веруваме дека и идните наши генерации ќе ја наследат соработката што ни овозможи толку многу. Ја користам оваа прилика да се заблагодарам на Витаминка за целата нивна поддршка и помош што придонесоа да го достигнеме овој успех кој го имаме сега.



**Расим Мрлаку**
Витаминка Трејд Косово



**Васил Чалиовски**
Витаминка БГ Бугарија

Витаминка е присутна со производи на бугарскиот пазар повеќе од 20 години. Пред неколку години регистрирана е сопствена фирма Витаминка Бугарија. Преку Витаминка Бугарија се продаваат производите директно до крајните клиенти, како и на дистрибутерите на бугарскиот пазар. Воедно со посредство на фирмата во Бугарија, Витаминка развива и продава производи на целиот европски пазар. Идеите и целите на Витаминка се во наредните неколку години да стане една од топ десетте компании во Бугарија во сегментот на шеќерни и чоколадни производи, а исто така и да ја развие продажбата во Европската Унија.

Дени Ал работи веќе 24 години во Албанија и е официјален дистрибутер на Витаминка за Албанија. Ние имаме мошне добро искуство во соработка со нашите колеги од Прилеп. Нашите клиенти го ценат и веруваат во квалитетот на производите на Витаминка. Може да кажеме дека сме горди што ја застапуваме компанијата Витаминка во Албанија.



**Дестан Авдиу**
Дени Ал Албанија



**Здравко Ивановиќ**
Винер Ин Црна Гора

Можам слободно да кажам дека привилегијата која ја имаме да претставуваме еден така квалитетен бренд со сопствена одлична историја, почна во април 2014 година. Според нас, соработката е одлична. Работиме со прекрасни луѓе од Витаминка, млади, флексибилни и креативни луѓе и со квалитетот на производите што Витаминка го има, мислам дека тоа е рецепт за успехот. Во врска со пазарот, успехот на Витаминка е во тоа што има лојални потрошувачи и потрошувачи кои знаат дека нема да бидат изневерени од квалитетот на кој било производ од оваа компанија.

Со компанијата Витаминка соработуваме последните 15 години. Ние сме нивни ексклузивни застапници во Босна и Херцеговина. Ги снабдуваме сите системи во БиХ, големите продажни ланци и малите дуќани. Имаме одлична продажба и секоја година бележиме раст. Витаминка секоја година носи по еден до два нови производи на пазарот кои ние успешно ги пласираме. Задоволство ни е да бидеме дел од овој тим кога Витаминка слави 60 години од своето постоење.



**Станко Шимовиќ**
Баре Комерц Босна и Херцеговина



Витаминка Прилеп е присутна долго на српскиот пазар, повеќе од 13 години и тоа преку своја компанија која што е со седиште во Белград. Традиционално бележи успеси на овој пазар и производите кои што ги нуди се познати по својот квалитет. Како компанија која што е позната по својата традиција, производите на Витаминка се одлично прифатени од српските потрошувачи.

**Радован Антиќ (поранешен директор)**
Ведрина 2 Србија

Со компанијата Витаминка имаме повеќегодишна успешна соработка. Ние ги застапуваме и пласираме нивните продукти на територијата на Хрватска, дел со сопствени брендови, дел со приватни марки. Имам голема чест и задоволство да кажам дека покрај успешната деловна соработка станавме и големи пријатели и со таквото пријателство успеавме да реализираме и еден прекрасен проект, голф турнир во Запрешиќ, под името Витаминка Опен. И го честитам на Витаминка јубилејот 60 години од постоењето. Се надевам дека и понатаму ќе работиме добро и успешно и дека Витаминка ќе биде сé повеќе застапена на хрватскиот пазар.



**Марио Гуциќ**
Мега Трејд Хрватска



Чест и привилегија е да се соработува со компанија како што е Витаминка Прилеп. Нашите две компании соработуваат повеќе од дваесет години. Се чувствуваме како дел од едно големо семејство. Да се надеваме дека пак ќе соработуваме во наредните дваесет години.

**Тони Тарунциоски**
Футура Македонија

Ме радува посебно што имаме компанија во Македонија која настапува и на пазарите во окружувањето, значи надвор од Македонија. За мене Витаминка е гордост и мислам дека секој Македонец треба да се гордее на овие успешни компании.



**Владимир Тодоровиќ**
Тинекс Македонија

Хоби на нашите вработени

# Планински велосипедизам – чувство на вистинско достигнување

Да се има хоби значи да се развие страст и посветеност кон некоја друга активност што дополнително го исполнува секојдневието. Многу луѓе имаат развиено свое хоби, коешто може да биде од различен вид, колекционерство, наобразба во друга насока или пак некоја физичка активност.



Во денешното стресно секојдневие посветеноста на овие дополнителни, слободни активности го исполнува денот, релаксира, ослободува од стрес, но исто така, активностите го збогатуваат и духот и животот. Тоа посебно се однесува на хоби поврзано со физичка активност, трчање, планинарење, вежбање или велосипедизам.

Нашите колеги Петар Стојковски, шеф во Извоз и Владимир Николоски, подрачен шеф во Извоз, за свое хоби го избрале планинскиот велосипедизам. Иако оваа нивна вљубеност во адреналинското возење велосипед, се родила поодамна, сепак нивната посветеност е поактивна последниве три години. Идејата и потребата од интензивирање на активноста се раѓа како желба за хоби после работното време, кое што како спортска активност ќе ги ослободи од стресот и ќе ги насочи кон здрав и активен живот.

Петар и Владимир се вистински вљубеници во адреналинското возење и секој слободен момент, барем три пати во неделата го користат за искачување и спуштање по тешките планински патеки. Учествувале на бројни велосипедски тури организирани во Крушево, Шар Планина, Попова Шапка, Мариово. Кога нема вакви организирани тури, тие возат на околните планински предели или на отворен пат во повеќе правци. Најдолгата тура што досега ја извозиле е планинскиот маратон долг 59 километри.

За возбудата што ја чувствуваат додека возат велат: „Со самото тоа што сме на отворен простор, што вдишуваме со полни гради се создава ослободително чувство, а со секоја премината препрека или совладана тешка патека ни расте ентузијазмот и ни дава елан за уште повеќе". И двајцата се сложни дека занимавањето со овој спорт или хоби придонесува за градење на личноста и растење на самодовербата за постигнување на уште поголеми резултати во секое поле.

## Витаминка донираше за поплавените подрачја

Пријател во незгода е вистински пријател, а ние во Витаминка секогаш излегуваме во пресрет и подаваме рака кај што има потреба. Неодамна скопскиот регион беше зафатен со страшно невреме, а околните села и населби беа поплавени. Жителите на овие населби претрпеа голема материјална штета, беа поплавени домови и разурнати животи. Со оглед на големите размери на уништени домови, донацијата од Витаминка беше во пари, 10.000 евра и во исто толкава вредност производи. Ние бевме меѓу првите што ја испративме нашата помош која беше дадена директно на граѓаните, настраданите и нивните семејства. Ваквата одлука се покажа како правилна затоа што од првиот момент жителите се соочуваа со недостаток од елементарни средства, вода, храна и хигиенски препарати, а во периодот што следеше ги обновуваа своите домови.

### Најдобар работник на месецот



Работник на месец Септември

Трајанка Вељаноска

*Хигиеничар, Сектор за правни и општи работи*

# Стобиранка

## – голема наградна игра од Витаминка со брендот Стоби




Како компанија што секогаш знае како да им се заблагодари на своите потрошувачи, започнавме со една од најголемите и највредните наградни игри „Стобиранка“. За учество во наградната игра, потрошувачите треба само да уживаат во нашите производи од брендот Стоби и да соберат 5 празни кесички од Стоби Флипс, Чоко Стоби Флипс или од Стоби Стикс од кој било вкус и грамажа и спакувани во плик да ги остават во видливо обележаните кутии во продажните места низ целата држава или да се испратат по пошта.

Покрај задоволството од вкусот на Стоби Флипс, учесниците во наградната игра имаат можност да станат добитник на некоја од бројните, вредни награди започнувајќи со три автомобили Тојота, скутери, ховерборди, ЛЕД телевизори, таблети, смартфони и уште многу други вредни награди.

Зошто ја организираме оваа наградна игра и зошто во фокусот е токму Стоби Флипс?

Стоби Флипс досега се покажа како бренд што поврзува повеќе генерации и на тој начин го следи и развојот и растот на Витаминка, притоа израснувајќи во бренд број 1 на нашиот пазар. Токму затоа добива се поголема вредност за нас, а истовремено и за потрошувачите и на овој начин сакаме да се заблагодариме на потрошувачите кои го ценат квалитетот на овој производ.

Стобиранка започна на 20 септември и ќе трае до 25 декември кога е последното извлекување на добитниците, а ќе има три циклуси на извлекување и наградување. Првото извлекување ќе биде на 23-ти Октомври, второто на 27-ми ноември и третото на 25-ти декември. Од првите две извлекувања ќе биде доделен по еден автомобил Toyota Yaris и други помали награди, додека на третото извлекување главна награда е најновиот модел на Toyota C-HR Hybrid а среќниот добитник ќе биде првиот сопственик на овој автомобил во Македонија. Неизвлечените пликови од првото извлекување ќе учествуваат во второто, а од првото и второто извлекување ќе учествуваат и во третото.

За потребите на потрошувачите да се информираат и да ја следат наградната игра, создадовме и веб платформа www.stobiranka.mk каде ќе бидат објавени сите подетални информации за наградната игра како и јавно објавување на добитниците на наградите од секое извлекување.

# Азбучник на производите на Витаминка

Витаминка произведува широк асортиман на производи во повеќе различни категории. Секој од нив со своите особености и карактеристики, бил создаден во извесен период и околности. Зад секој наш производ, покрај квалитетот стои и некоја приказна, како настанал, од каде потекнала идејата или името. Сите тие приказни треба да бидат раскажани. Затоа, од овој број започнуваме со новата рубрика „Азбучник на производите на Витаминка" каде што ќе го претставиме секој наш производ и на тој начин ќе овозможиме секоја приказна да продолжи да живее и да нè потсетува за изминати моменти, но задржани вредности.

Ова е нашиот азбучник и започнуваме со

## Атлантис, морски школки













Атлантис првпат се произведени во 1996 година во погонот Чоколада на полуавтоматска линија. Идејата за производство потекна од дипл. инг. Симон Наумоски кој што во тој период беше Генерален директор на Витаминка, заедно со Борис Ристески и Димитар Спиркоски, како и Здравко Консулоски. Соодветно на нивната форма, името Атлантис, кое што доаѓа како дел од креативното решение од маркетинг агенцијата Идеја Плус, најдобро го опишува сладкиот морски свет. Поттик за развивање на идејата за производство на овие чоколадни морски школки се и стекнатите контакти во тоа време на саем во Италија.
Овој десерт од млечно и бело чоколадо исполнет со крем од лешници денес е еден од најпознатите и најомилените производи што излегуваат од Витаминка. Како и финалниот производ, така и состојките што ги користиме се со докажан висок квалитет, што ги прави посакувани во секоја пригода, дали за честење со повод, дали за искажување внимание и благодарност некому како подарок или пак едноставно за индивидуално слатко уживање. Атлантис школките тежат 11,5 г. Дневно во една смена се произведуваат околу 2000 килограми морски школки.
На почеток обликот и формата се постигнуваше со дозирање со полуавтоматски машини за дозирање каде што калапот се поставува рачно. По дозирањето, следеше процесот којшто бараше умешност од вешта и стабилна рака низ сите фази: дозирање, формирање на чоколадната чаура и ладење, дозирање на крем, финално ладење и пакување. Ваквиот начин на работа, со многу креативност, труд и прецизна рака, трае се до почетокот на 2002 година кога е пуштена во употреба автоматската линија за формирање на чоколадните школки.
Како што производниот процес се унапредуваше, паралелно се менуваше и изгледот на пакувањето и стилски се подобруваше, но препознатливиот вкус на морските школки остана ист. Дополнителна вредност на овој наш производи му дава и признанието Стубренд, омилен бренд на студентите во 2015 година.
Покрај приказната за нивното обликување и заводливиот вкус од премиум чоколада, морските школки Атлантис заедно со Чоколадните јајца се уникатни на нашиот пазар, па и на околните пазари, уште и како единствени од ваков вид производи од македонски производител. Тие беа први и единствени во времето кои се појавија и на пазарите на бившите југословенски простори.

*рецепти*

# Торта украсена со Атлантис морски школки



## Потребни состојки

**Фил:**
- 200 мл. вода
- 200 гр. шеќер
- 100 гр. какао од Витаминка
- 250 гр. путер, омекнат
- 250 гр. шеќер во прав од Витаминка
- 8 жолчки

**Тесто:**
- 8 белки
- 200 гр. шеќер, или малку помалку
- 4 лажици презла
- 3 лажици брашно

## Начин на подготовка

Прво направете го чоколадото: во мал сад измешајте 200 гр. шеќер и 100 гр. какао, ставете ги на шпорет на умерена температура и постепено, со мешање додадете ја водата, па мешајте се додека не се згусне и шеќерот да се растопи. Тргнете го на страна да се олади.

**Фил:** изматете го путерот со шеќерот во прав, додадете ги жолчките, изматете, па додадете го и чоколадото, оладено.

**Тесто:** измешајте ги сите состојки за тестото и додадете 4 лажици од филот. Тестото се пече во најголемиот плех од шпоретот, подмачкан со масло и побрашнет, или на хартија за печење, која не е лошо дополнително малку да ја намачкате со масло. На почетокот се пече на 200°C, 20тина минути, а потоа на 160° уште 5-10 минути.

Кога тестото ќе се олади, исечете го на 3 ленти, по должина или по ширина, во зависност дали сакате потесна а подолга или поширока а пократка торта. Првото тесто намачкајте го со фил, врз него ставете го второто тесто, намачкајте го со фил, па третото и тогаш премачкајте ја целата торта со филот, и од горе и од страните.

Откако ќе ја премачкате со фил од сите страни украсете ја. Посипете ја со сини декоративни трошки што ќе асоцираат на море и истолчени бисквити за песокот, а врз сето тоа украсете ја со Атлантис, чоколадните морски школки.



# Витаминка беше на многу концерти и помогна летото да биде запаметено по одлична забава



Долгогодишна и редовна практика ни е да поддржуваме убави иницијативи и настани. Соодветно на тоа и заедно со општоприфатеното мислење дека музиката го разубавува и збогатува секојдневието, ова лето Витаминка помогна да се одржат бројни концерти, фестивали и други музички настани со што го разигра и разубави летото за многу млади љубители на добрата музика и веселите звуци.

Со ексклузивните и генералните спонзорства, како и покровителствата на музичките случувања не само во земјава туку и во соседните земји, помогнавме во подобра промоција на нашите производи и воопшто на името Витаминка како компанија пријател и поддржувач на музиката.

Концертот на Дејвид Гета и Робин Шулц беше еден од централните настани во Скопје и го означи почетокот на летото исполнето со многу забава. Овој концерт остана запаметен како спектакуларен настан каде Витаминка се јави како ексклузивен покровител. Како спонзор помогнавме да се реализира првата и единствена засега посета на шпанскиот романтичар Енрике Иглесиас. Ова беше вечер што ги исполни срцата, посебно на припадничките на женскиот пол. Но, во неговите звуци подеднакво уживаше и машката публика. Динамичната музика, пак, на Џон Њуман ја исполни Вип Арената во Скопје, каде Витаминка беше присутна како ексклузивен покровител.

Затоа што веруваме дека музиката весели и расположува и сакаме таа да стигне до секого, ги поддржавме музичките настани и во Охрид, каде како спонзор Витаминка помогна посетителите да уживаат на концертите на Ники Ромеро и Лост Фрекфенсис, Алди Меола и Продиџи. Во македонскиот туристички центар, Охрид овозможивме присуство на различни музички стилови и задоволување на различни музички вкусови со концертите на Дино Мерлин, Саша Ковачевиќ, Ван Гог, како и концертот на Цеца што се одржа во Турново. Со наш штанд и дополнителни активности бевме присутни и на Д фестивалот во Дојран.

Подеднакво со стратегијата за промоција на нашите брендови и поголема застапеност на производите на соседните пазари, како генерален и ексклузивен спонзор Цевитана беше присутна на концертите на Џон Њуман и Симпли Ред во склоп на фестивалот Belgrade Calling во Белград, на Zagreb Calling за истите музичари во Загреб и на концертот на Вајтснејк во Љубљана.

Ова беше навистина топло и забавно лето, а нашата компанија придонесе тоа да биде и музички исполнето и разиграно, промовирајќи ги нашите производи и компанијата.













Дел од атмосферата на концертите

# Витаминка и Владо Јаневски – соработка што ветува големи задоволства

Во досегашната практика на компанијата многу пати се покажала успешна формулата на спојувањето на два значајни бренда и развивање на взаемна соработка. Истовремено, во Витаминка веќе стана традиција да ја поддржуваме македонската музика и нашите музичари затоа што веруваме дека музиката содржи и пренесува вистински вредности. Овој пат воспоставивме соработка со нашиот еминентен поп музичар и кантавтор, Владо Јаневски.

Преку оваа соработка се промовира Витаминка како една од најголеми македонски компании, како и нашите производи, а воедно се поддржува македонски поп музичар и македонската авторска музика во целост. Спојувањето на двата силни македонски бренда во различни сегменти придонесува за нивно зацврстување и позиционирање како на домашниот, така и на странските пазари.

Пријателството меѓу Витаминка и Владо започна со извонредната забава што поп артистот ни ја овозможи на нашата семејна прослава по повод 60 години постоење и успешна работа. Воспоставеното пријателство продолжи со промоција на новиот спот на Владо Јаневски за песната „Ајде води ме“ што се одржа пред голем број новинари.





# Цевитана бабл фудбалот атрактивна забава и ова лето

Адреналинската спортска атракција, Цевитана Bubble Football и ова лето беше главната занимација за фудбалските ентузијасти низ повеќе градови во државата. Сезоната за играње и натпреварување во најзабавната и најинтересната тимска игра бабл фудбал започна од главниот град со викенд турнирите организирани во Градскиот парк. Покрај игра и забава, имаше и Цевитана во сите вкусови, како за натпреварувачите, така и за оние кои ги поддржуваа и бодреа. Тука беше присутен и Цевитана супер херојот, кој во улога на судија ги грижеше за почитување на правилата на играта.

Понатаму натпреварите продолжија во Дојран и се одржаа во склоп на Д фестивалот. Во текот на трите фестивалски дена, од 15-ти до 17-ти јули во авто кампот Партизан, на меката тревна површина се играа натпреварите меѓу пријавените тимови, а посетителите ги бодреа своите фаворити, уживаа во атрактивното фудбалско доживување и во новите вкусови на Цевитана. Цевитана бабл фудбал се играше ова лето и во Охрид.











| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ВИТА-МИН-КА | КОЛАК | РУСКИ КОШАРКАР, КАРАШЕВ | ДРЖАВНИ БЛАГАЈНИ | ИСТИ БУКВИ | РЕКА И ПЛАНИНА ВО СРБИЈА | ХОЛАНД. ШАХИСТ МАКС | НАПАДИ | ИТАЛИЈА | ХОЛИ-ВУДСКА АКТЕРКА (ТЕРМИНА-ТОР) |
| | | | | | ПОП | | | | | | | | | |
| | | | | | ГЛАВЕН ГРАД НА ПОЛСКА | | | | | | | | РОМАНИЈА / СЦЕНО-ГРАФИЈА | |
| | | | | | СТАРО ИМЕ НА ВИС | | | | СМОТРИ, ПАРАДИ / ДРАМА ОД ХЕНРИК ИБЗЕН | | | | | |
| | | | | | ХОЛИ-ВУДСКА АКТЕРКА, ЛИЗИ | | | | | | ПРЕДГРА-ДИЕ НА ЛИЕЖ / ПОЗИТИВЕН ПОЛ | | | |
| ВИТА-МИН-КА | ИЗВИК НА БОЛКА | ЛАПОНЕЦ | ШПАНИЈА | ЗНАК ЗА ГАУС | ЕДНА ОД МУЗИТЕ (МОДЕЛ НА РЕНО) | | | | | ГРАД ВО БЕЛГИЈА / ВИД ПАПАГАЛ | | | | |
| РУСКИ ГЛУМЕЦ, ВИДОВ | | | | | АНГЕЛИНА ИВАНОВА / ЗАПАЛКА | | | ПЛАНИ-НАРСКА ТОРБА / АРОМАНКА | | | | | | |
| МУЗИЧКА НОТА | | | НЕОТРОВ-НОСТ | ЗНАК ЗА КАЛИУМ / УСНОЗАБНА СОГЛАСКА | | ГОЛЕМА ТЕТРАТКА | РИМСКИ ФИЛОЗОФ / ПРОИЗВОД НА ВИТА-МИНКА | | | | | ХОЛИВУД. АКТЕРКА, МАРГРЕТ / НАСИЛНИК (ТУР.) | | |
| ЗАБНА СОГЛАСКА / ГРАДСКО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | | | | | | | | | ГРАД ВО ТУРЦИЈА / РОБЕРТ ПЛАНТ | | | | | |
| ЗНАК ЗА ГАУС | | ВИД ЗАНАЕТ-ЧИЈА / ЗНАК ЗА ТАНТАЛ | | | | | | | | БЛАГОСЛОВ (ТУР.) / СЕРХИО РАМОС | | | | |
| ПРОИЗВОД НА ВИТА-МИНКА | | | | | | | | | | | НАШ АКТЕР, ЈОВАНОВ-СКИ / ПРЕФИКС ЗА ГОРЕ (ГРЧ.) | | | |
| ДРЖАВА ВО АЗИЈА | | | | | | | | | ХОЛИВУД. АКТЕРКА, ЛИ / АВСТРИЈА | | | | | |
| 60 ГОДИНИ ВИТАМИНКА | | ВИД ТЕСТЕ-НИНА / ЗНАК ЗА СИЛИЦИУМ | | | | | | | | ФРАН-ЦУСКИ ФУДБАЛЕР, ДИМИТРИ / ГЕРМАНИЈА | | | | |
| ВИТА-МИН-КА | ДЕЛО ОД ХЕРМАН ХЕСЕ / НАМИСЛА (РАЗГ.) | | | | | | | | ОСНОВАЧ НА ЦРВЕНИ-ОТ КРСТ, АНРИ / СТАТУА | | | | | |
| ГЕРМАНСКИ ФИЛОЗОФ, ФРИДРИХ | | | | | ЕДИ ИРВА-ЈН | ИТАЛИЈА | | БЕЛГИЈА / МАРКА СПОРТСКА ОБЛЕКА | | | | | | |
| СВРЗНИК | | СЕВЕР СЕВЕРО ИСТОК / ШПАНСКО Ж. ИМЕ | | | | СОНИШТА / ПОДЗЕМНО ЖИВОТНО | | | | | | | | |
| ЕРОТИЧАР | | | | | | | ШАМПИОН, ПРВАК / АНА ИВАНОВИЌ | | | | | | | |
| РЕКА ВО ВОЈВОДИ-НА | | | | | ПРВИОТ ЛЕТАЧ, ВИЛБУР / ЕНЕРГИЈА | | | | | | | | | |
| ВИТА-МИН-КА | КРАЛИЦА НА СПОР-ТОВИТЕ | | | | | | | | | | | | | |




СВЕШТЕНИК, ВАРШАВА, Р, ИСА, РЕВИИ, ВИРНА, АНС, КЛИО, АЛСТ, ОЛЕГ, АИ, РАНИЦА, ФА, К, ВАРО, ЕН, ПАЛАТАЛ, АДАНА, Г, ТАПЕТАР, АЛАЛ, СТОБИФЛИПС, АЦО, ПАКИСТАН, РЕМИК, СОЛЕНКА, ПАЈЕ, СИДАРТА, ДИНАН, НИЧЕ, И, Б, И, ННЕ, СНИ, ЕРОТИК, АС, ТИСА, РАЈТ, АТЛЕТИКА.



vitaminka
www.vitaminka.com.mk
СТОБИРАЈ
И ВОЗИ!
ГРИЦКАЈ И СОБЕРИ 5 КЕСИЧКИ ОД
СТОБИ ФЛИПС, ЧОКО СТОБИ ФЛИПС ИЛИ ОД СТОБИ СТИКС!
БИДИ ПРВИОТ СОПСТВЕНИК НА НАЈНОВИОТ TOYOTA C-HR HYBRID
2x TOYOTA YARIS
3x
Скутер APRILIA SR50
15x
Ховерборд
Lenovo
30x
Таблет LENOVO Yoga
30x
Смартфон LENOVO K5 PLUS
30x
ТВ ЛЕД LG 43"
120x
Спортски ранец ADIDAS
SONY
150x
Слушалки SONY
150x
Пакет производи
3 ИЗВЛЕКУВАЊА НА:
23.10.2016
27.11.2016
25.12.2016
СТОБИРАНКА
Детални информации на:
www.stobiranka.mk
СОБЕРИ 5 КЕСИЧКИ ОД КОЈ БИЛО ВКУС И ГРАМАЖА
CHOCO STOBI FLIPS
STOBI FLIPS
STOBI STICKS
И ИСПРАТИ ГИ НА:
ВИТАМИНКА АД ПРИЛЕП, УЛ. ЛЕЦЕ КОТЕСКИ БР. 23, 7500 ПРИЛЕП СО НАЗНАКАТА СТОБИРАНКА ИЛИ ДОСТАВИ ГИ ДО ВИДЛИВО ОБЕЛЕЖАНИТЕ КУТИИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ВО ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РМ.
Во извлекувањето на наградите учествуваат сите пликови што се комплетни и содржат пет празни кесички и податоци за учесникот.
Сите неизвлечени пликови од првото извлекување ќе учествуваат и во второто извлекување, а сите неизвлечени од првото и второто извлекување ќе учествуваат и во третото извлекување.